**ЗАПИСНИК**
**од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 16.08.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски во врска со предложениот дневен ред најави дека Точката бр.2 - Усвојување на Предлог-записник од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.08.2023 година, од технички причини ќе се одложи и ќе се стави на усвојување пред почетокот на следната седница.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за, го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.08.2023 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.08.2023 година.
3. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за ТВ емитување за ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.08.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски како што најави, од технички причини го одложи Предлог-записникот од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.08.2023 година.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за ТВ емитување за ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово. Објасни дека овој радиодифузер и покрај ветувањето дека ќе изврши уплата во утврдениот рок, во понеделник, 14 август не изврши уплата за годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување. Од таа причина се предлага да се отпочне постапка за одземање на дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, бр.08-354 од 30.06.2016 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21 и 154/23).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-3163/1 од 14.08.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, бр.08-354 од 30.06.2016 година.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека овој радиодифузер спротивно на навдениот член од Законот не обезбедил превод на македонски јазик во емисијата „Лесковачка роштилијада 2014" бидејќи некои од изјавите на соговорниците се емитуваа изворно на српски јазик, а

дозволата која му е издадена е на македонски јазик. Од таа причина, поради непочитување на одредбите од ЗААВМУ се предлага да му се изрече мерка јавна опомена и да му се наложи во рок од 10 дена од денот на приемот на Решението да го отстрани прекршувањето, а по истекот на рокот да се направи контролен надзор.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2999/1 од 31.07.2023 година и едногласно заклучи на ТРД К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 6 јули 2023 година, во една емисија не е обезбеден превод на македонски јазик. Во емисијата „Лесковачка роштилијада 2014“ некои од изјавите на соговорниците се емитуваа изворно на српски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 10 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Точка 5

Разно

Немаше дискусија под Разно.

Бр. 02-3170/4

29.08.2023 година

С к о п ј е

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**